# МЕМОРАНДУМ
# ЗА ДЕЛОВНА СОРАБОТКА

Склучен во Скопје на ден 27.09.2009 година, помеѓу следните договорни страни:

1. **ЦС Глобал,** со седиште во Скопје на ул. „Аврам Писевски“ број 40, претставувано од Афродита Кермичиева Пановска, менаџер на ЦС Глобал и

2. **Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје,** со седиште на Булевар „Партизански Одреди“ број 99, претставувано од ректорот, проф. д-р Аце Миленковски.

**Член 1**

Овој меморандум се склучува помеѓу двете договорни страни со цел да се утврди нивната понатамошна соработка. За секоја поединечна соработка од поголем обем договорните страни се согласни да склучат соодветен договор.

**Член 2**

Соработката помеѓу двете договорни страни би се одвивала во следните насоки, ЦС Глобал како издавач на месечникот GLOBAL HR™ ќе биде медиумска поддршка на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, во смисла на најава на настани, конференции и семинари организирани од Универзитетот, како и заедничко организирање на настани кои би биле од заеднички интерес, понатаму соработка и на други полиња кои се дел од додипломските и последипломските студии на Универзитетот, а особено на Факултетот за менаџмент на човечките ресурси.

**Член 3**

Двете договорни страни се обврзуваат сите информации до кои ќе дојдат при соработката да ги сметаат за деловни тајни.

**Член 4**

Договорните страни се согласни евентуалните спорови кои може да произлезат од спроведувањето на овој меморандум да ги решаваат по мирен пат, во духот на добрите деловни односи, а доколку тоа не е возможно надлежен ќе биде Основниот суд Скопје 2, Скопје.

**Член 5**

Овој меморандум е составен во 2 (два) еднообразни примероци од кои по 1 (еден) за секоја договорна страна.

ДОГОВОРНИ СТРАНИ

ЦС Глобал
Менаџер,
Афродита Кермичиева Пановска

Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје
РЕКТОР,
проф. Д-р Аце Миленковски